**Коментар**

за финансиските резултати на Охридска банка АД Скопје остварени во периодот јануари – декември 2020 година

**<u>Билансот на состојба</u>** на Банката на крајот од 2020 година изнесува 45.302 милиони денари и во споредба со крајот на 2019 година, е на повисоко ниво за 2.968 милиони денари или за 7,0 % со остварување на планот од 108 %, со најголем придонес од порастот на депозитите и повлечени средства по основа на кредитни линии од финансиски институции.

*Депозитите на клиентите*, како најзначаен извор на средствата за финансирање на активностите на Банката со учество од 67,9 % во вкупната пасива, во споредба со крајот на минатата година бележат пораст од 2,8 % и реализација на планот од 96,9 %.

Депозитите од правните лица учествуваат со 56,3 % во вкупните клиентски депозити и во споредба со крајот на минатата година, бележат зголемување од 3,8 %, при што најголеми промени има кај тековните сметки, кои се зголемени за 2.652 милиони денари, додека орочените депозити бележат намалување од 2.094 милиони денари.

Депозитите од населението учествуваат со 43,7 % во вкупните клиентски депозити. Во споредба со 2019 година, депозитите се зголемени за 1,5 %, со слична структура на промени од рочен аспект како кај правните лица односно депозитите по видување бележат пораст од 993 милиони денари додека орочените депозити се намалени за 602 милиони денари.

Депозитите од банките бележат зголемување за 732 милиони денари односно 55% во споредба со крајот на минатата година, резултат на краткорочните орочени депозити од матичната банка.

Средствата од меѓународните финансиски институции со износ од 5.057 милиони денари, имаат учество во вкупните обврски од 9,5 % , во кои се застапени кредитните линии од ЕИБ, ЕБРД, Развојна банка на С. Македонија, ГГФ, ЕФСЕ, и во споредба со крајот на 2019 година бележат зголемување за 25,5 %. Порастот е резултат на новоповлечените средства од кредитната линија од ЕИБ.

Акционерскиот капитал и резервите на Банката достигнаа износ од 5.273 милиони денари и бележат зголемување за 16,4 % во споредба со крајот на 2019 година како резултат на реализирана приватна понуда на хартии од вредност на институционалниот инвеститор „Штаермеркише Банк и Шпаркасен АД“ во вкупна продажна вредност од 615 милиони денари и на алокацијата на профитот на Банката од претходната година во нераспределена добивка и резерви, што е во согласност со планот на Банката за јакнење на капиталната основа во функција на поддршка на порастот на комерцијалните активности на Банката.

На страната на активата, расположливите средства во најголем дел се алоцирани во комерцијални пласмани на клиентите, кои учествуваат со 67 %, потоа следуваат паричните средства и парични еквиваленти кои учествуваат со 25,3 %, пласманите во хартии од вредност со 5,2 % и другите средства со 2,5 %.

Вкупните бруто-кредити на комитентите на крајот од 2020 година изнесуваат 32.513 милиони денари, од кои 55,2 % се кредити на правните лица, а 44,8 % се кредити на физичките лица. На годишно ниво, вкупните кредити на комитентите се зголемени за 1,584 милиони денари или за 5,1 % и се во линија со планираниот износ за 2020 година.

Кредитите на правните лица бележат намалување од 47,3 милиони денари резултат на предвремено ликвидирање на кредитите поради зголемена ликвидност на одредени правни лица, рефинансирање од страна на други банки по поволни услови дури и за компаниите со повисок ризичен профил и предвремено ликвидирање на кредитите на барање на Банката поради усогласување со групациски ризик барања.

Кредитите на физичките лица бележат континуирано стабилен нагорен тренд и во 2020 година бележат зголемување за 1.445 милиони денари, при што најзначаен е придонесот на два типа кредити: потрошувачки и станбени.

Пласманите во ликвидната актива се во согласност со ликвидносните потреби на Банката, имајќи го предвид рочниот и валутниот аспект на средствата и на изворите, одржувањето на нивото на задолжителната резерва, со соодветно запазен профитабилен аспект.

Паричните средства и паричните еквиваленти се зголемени во однос на минатата година за 124 милиони денари, при што во текот на годината се користат сите расположиви краткорочни инструменти за пласман, во најголем дел во расположив депозит кај НБРСМ.

Пласманите во благајнички записи на крајот од 2020 година изнесуваат 573 милиони денари и бележат значајно намалување од 64 % споредено со крајот од претходната година поради промената на волуменот на аукциите на Благајничките записи од страна на НБСРМ.

Вложувањата во хартии од вредност изнесуваат 2.370 милиони денари и бележат значајно зголемување од околу 1.181 милиони денари, во најголем дел од пренасочување на расположивата ликвидност, од пониско ниво на благајничките записи, поради промена на начинот на аукции и запишување, и вложување во други видови на хартии од вредност.

**<u>Оперативната добивка на банката пред оданочување</u>** за периодот од 1.1.2020 г. до 31.12.2020 г. изнесува 71,3 милиони денари, бележи намалување од 73 % во споредба со истиот период минатата година. На остварениот резултат големо влијание имаа отежнатите услови за работење во услови на глобална пандемија, зголемениот конкурентски притисок на пазарот во делот на активните каматни стапки и ограничените пазарни можности за соодветно компензирање во делот на пасивата што има негативно влијание на намалувањето на нето-каматната маргина. Значајно влијание има и намалувањето на каматните приходи од пласмани во благајнички записи поради значително пониската каматна стапка што соодветно влијаеше на намалување на волуменот. Последиците од кризата поврзани со пандемијата имаа негативно влијание и на нето-приходите од провизии и нето-приходите од курсни разлики, а дополнително по основа на оперативни трошоци има ефект и од миграциските процеси.

Нето-приходите од каматите на крајот од 2020 година изнесуваат 1.084 милиони денари и во однос на истиот период минатата година се намалени за 25,3 милиони денари, или за 2,9 % со реализација на планот од 95,6 %. Реализацијата на нето-каматните приходи во најголем дел е под влијание на значителниот пазарен притисок, посебно кај пласманите кај секторот компании, а со тоа и пад на активните каматни стапки за кој пазарните услови не дозволуваат истиот да биде соодветно компензиран на страната на изворите на средства, како и помалиот износ на запишани хартии од вредност во согласност со одлуката на Народна банка за намалување на износот кој деловните банки може да го запишат во благајнички записи како и намалената каматна стапка и на благајничките и на државните записи што влијаеше на намалување на обемот.

Нето-приходот од провизии и од надоместоци, во износ од 298 милиони денари, е намален за 36,2 милиони денари или за 10,8 % во однос на истиот период минатата година со реализација на планот од 89,7 %.  Приходите од провизии и надоместоци бележат намалување од 27,5 милиони денари, во најголем дел поради намалениот обем на активност, посебно во делот на работењето со правните лица и ослободувањето од дел од провизија со цел стимулирање електронски комуникации како дел од мерките за превенција на здравјето на вработените и клиентите во услови на глобална Ковид 19 пандемија. Трошоците за провизии и за надоместоци бележат зголемување за 8,6 милиони денари на годишно ниво, на што поголемо влијание имаа активностите поврзани со картичното работење, односно зголемен обем на електронски трансакции и дополнителни надоместоци поврзани со интеграциските процеси како и надоместоци за регулаторни процедури поврзани со емисијата на хартии од вредност.

Нето-приходот од курсни разлики изнесува 124 милиони денари и во однос на претходната година е намален  за 27 милиони денари или 17,8 %, поради значајно намален обем на активности на девизниот пазар и на страна на понудата и на побарувачката поврзано  со Ковид 19 кризата.

Другите приходи изнесуваат 44 милиони денари и во споредба со истиот период од минатата година се намалени за 86,4 милиони денари на што најзначаен е ефектот од намалувањето на остварениот приход од отстапувањето на претходно отпишани побарувања.

Исправката на вредноста на финансиските средства на нето-основа на крајот од 2020 година изнесува 655 милиони денари и во споредба со истиот период во 2019 година, бележи намалување од 30 милиони денари .

Вкупните оперативни трошоци во периодот јануари – декември изнесуваат 823,3 милиони денари и се во линија со планираниот износ, а во споредба со претходната година, бележат зголемување од 47 милиони денари, во најголемиот случај поради зголемените трошоци за картично работење, ревизорски и консултански услуги поврзани со миграциските и интеграциски процеси.

**Промени во сметководствените политики и методи на вреднување**

Во периодот јануари – декември 2020 нема промени во сметководствените политики и методите на вреднување.

**Исплатени дивиденди.**

Во согласност со Одлуката за употреба и за распределување на добивката на Охридска банка АД остварена со годишната сметка за 2019 година донесена на седницата на Собранието на Банката, одржана на 30.6.2020 година, Банката не издвојува дел за исплата на дивиденда на акционерите.

**Вложувања или продажба на материјални средства (недвижности, постројки и опрема) или значителен отпис (поголем од 30 % од вредноста на средството споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи)**

Недвижностите и опремата на крајот од декември 2020 година изнесуваат 710 милиони денари и се намалени за 46,3 милиони денари или 6,1 % во однос на минатата година, како резултат на извршениот отпис на основни средства ( софтверско решение за електронско и мобилно банкарство, е-маил сервисните алатки, софтвер за анти-фрод решение и ИФРС 9 групациска алатка) за кои согласно со проектот на миграција се изврши целосно аутсорсирање.

**Промени во кредитните задолжувања.**

Обврските по кредитни линии на крајот од декември 2020 година изнесуваат 5.057 милиони денари, односно бележат зголемување од 1.029 милиони денари во споредба со крајот на минатата година.

Порастот е резултат на новоповлечените средства од програмата за финансирање на зелена економија (GEFF) на Европската банка за обнова и развој, и во најголем дел од кредитната линија на рамковниот договор за учество во програмата за кредитирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти V од Европската инвестициона банка (ЕИБ).

Во текот на годината, со цел за поддршка на комерцијалните активности на подолг рок, Банката користеше средства во износ од 10 милиони евра со рок на враќање од 10 години од матичната банка.

Банката во континуитет ја зацврстува позицијата на пазарот и понудата на производите наменети за кредитирање на стопанството и населението поддржани со производи од странски кредитни линии.

**Очекувања за следниот период.**

Во ноември 2019 година успешно беше завршен процесот на преземање на Охридска банка, со што Банката стана дел од реномираната Штајермеркише Банк и Шпаркасен, АД Грац, Аустрија и пошироко Ерсте групација.

Во согласност со стратегијата на групацијата предвидено е интегрирање на двата субјекта при што целта е да се зајакне присуството на локалниот пазар, имајќи предвид дека Охридска банка претходно беше дел од силна меѓународна финансиска групација со слична деловна стратегија, стандарди за професионализам и стабилен банкарски модел, високо ориентирана кон клиентот и препознатливост на пазарот со високо ниво на задоволство на клиентите, кои параметри се вклопуваат со стратегијата на Групацијата Штермеркише Банк и Шпаркасе.

Големината на финансиските институции станува есенцијален фактор за успех, особено во услови на сегашните трендови на дигитализација и автоматизација на финансиските услуги. Флексибилноста и способноста за приспособување претставуваат нови карактеристики кои финансиските институции треба да ги поседуваат со цел да бидат способни да се соочат со предизвиците што ги носи дигиталната ера, преку различни форми на партнерства, спојувања и аквизиции.

Интегрираниот ентитет се очекува да има зголемен капацитет за кредитирање и да може да сервисира поголем дел од потребите за кредитирање на водечките компании и со својата стручност и пристап да биде локална поддршка за нивниот бизнис и природен партнер на меѓународните и компаниите од ЕУ.

За клиентите, физички лица, како и малите и средни претпријатија ќе продолжат да се развиваат модерни и дигитални банкарски производи, како и целосен фокус на квалитетот на услугата за клиентите.

Најголемите придобивки се очекуваат да бидат резултат на економијата од обем и додадената вредност. Имено, ефектите на синергија се проценуваат како деловни и финансиски, со тоа што деловната синергија е резултат на потенцијалот за намалување на трошоците – директна последица на економија од обем.

Стратешки цели за наредниот период:

- Зголемување на комерцијалните активности (преземање на нови клиенти и задржување на постојните, кредитен и депозитен раст).
- Зголемување на продажбата преку надградување на постојните и воведување на нови продажни канали.
- Позиционирање како референтна банка за сите сегменти на клиенти
- Зголемување на квалитетот како клучна стратешка цел
- Иновација, симплификација, дигитализација, автоматизација.
- Навремено и успешно усогласување со локалната банкарска регулатива - групациските правила и најдобрите банкарски практики.
- Рационализација, зголемена ефикасност, контрола на трошоци и заштеда.

Очекувања за влијание на ковид пандемијата во 2021 година

Народната Банка во ноемвриските макроекономски проекции, предвиде пад на БДП за 2020 година од - 4,9 % ( во споредба со априлските проекции со предвидување од - 3,5 %) и закрепнување на економијата во 2021 година од 4,7 % (наспроти априлските проекции од 3,9 %). Што се однесува до монетарните агрегати, проекциите за 2021 година се кредитниот раст од 6,0% и депозитен годишен раст од 6,2%. Оценките за периодот 2021-2023 год. се продолжени ефекти од пандемијата, но секако клучно влијание ќе има времетраењето на пандемијата при што акомодативната монетарна политика се очекува да биде задржана и во 2021 година. Продолжените ефекти се очекува да бидат присутни поинтензивно во првата половина од 2021 година, додека потоа се очекува да следи закрепнувањето.

Разумно управување со ризиците, особено кредитниот ризик и понатаму останува императив за Банката да генерира квалитетно портфолио и приходи од камата, секако со поголема диверзификација на приходите.

Поддршката на дигитална и зелена економија ќе бидат приоритет и се очекува дека овие приоритети ќе придонесат за надминување на кризата и дополнителен развој на економијата во целина.

OHRIDSKA BANKA

**Биланс на успех**
**за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020**

| | Белешка | *во илјади денари* тековна година 2020 | претходна година 2019 |
|---|---|---|---|
| Приходи од камата | | 1,464,216 | 1,522,313 |
| Расходи за камата | | (380,527) | (413,276) |
| Нето-приходи/(расходи) од камата | 6 | **1,083,689** | **1,109,037** |
| Приходи од провизии и надомести | | 505,900 | 533,411 |
| Расходи за провизии и надомести | | (207,839) | (199,191) |
| Нето-прходи/(расходи) од провизии и надомести | 7 | **298,061** | **334,220** |
| Нето-приходи од тргување | 8 | 0 | 0 |
| Нето-приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност | 9 | 0 | 0 |
| Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики | 10 | 124,413 | 151,351 |
| Останати приходи од дејноста | 11 | 43,924 | 130,279 |
| Удел во добивката на придружените друштва | 24 | 0 | 0 |
| Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа | 12 | (655,458) | (685,343) |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа | 13 | | 0 |
| Трошоци за вработените | 14 | (330,087) | (360,590) |
| Амортизација | 15 | (88,065) | (89,030) |
| Останати расходи од дејноста | 16 | (405,186) | (326,673) |
| Удел во загубата на придружените друштва | 24 | 0 | 0 |
| **Добивка/(загуба) пред оданочување** | | **71,290** | **263,251** |
| Данок од добивка | 17 | (6,092) | (24,708) |
| **Добивка/(загуба) за финансиската година од непрекинато работење** | | **65,199** | **238,543** |
| Добивка/(загуба) од група на средства и обврски кои се чуваат за продажба* | | 0 | 0 |
| **Добивка/(загуба) за финансиската година** | | **65,199** | **238,543** |
| **Добивка/(загуба) за периодот, која припаѓа на*:** | | | |
| акционерите на банката | | | |
| малцинското учество | | | |
| **Заработка по акција** | 41 | | |
| основна заработка по акција (во денари) | | 117.38 | 461.98 |
| разводнета заработка по акција (во денари) | | 117.38 | 461.98 |

**Извештај за сеопфатна добивка**
**за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020**

| | Белешка | во илјади денари<br>тековна година 2020 | <br>претходна година 2019 |
|---|---|---|---|
| **Добивка/(загуба) за финансиската година** | | 65,199 | 238,543 |
| | | | |
| **Останати добивки/(загуби) во периодот (пред оданочување)** | | - | - |
| ***Останати добивки/(загуби) во периодот коишто не се прикажуваат во Билансот на успех (пред оданочување)*** | | - | - |
| Ревалоризациска резерва за сопственички средства расположливи за продажба | | - | - |
| - нереализирани нето-промени во објективната вредност на сопственичките средства расположливи за продажба | | - | - |
| - реализирани нето-добивки/(загуби) од сопственичките средства расположливи за продажба, рекласификувани во Останати резерви | | - | - |
| Промени во кредитната способност на банката, за финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност | | - | - |
| Данок на добивка од останати добивки/(загуби) коишто не се прикажуваат во Билансот на успех | 17 | - | - |
| ***Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот коишто не се прикажуваат во Билансот на успех*** | | - | - |
| | | | |
| ***Останати добивки/(загуби) во периодот коишто се или може да се прекласификуваат во Билансот на успех (пред оданочување)*** | | - | - |
| Ревалоризациска резерва за должнички средства расположливи за продажба | | - | - |
| - нереализирани нето-промени во објективната вредност на должничките средства расположливи за продажба | | 54,267 | 388 |
| - реализирани нето-добивки/(загуби) од должничките средства расположливи за продажба, рекласификувани во Билансот на успех | | - | - |
| - дополнителна исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба | | 7,685 | 116 |
| - ослободување на исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба | | - | - |
| Ревалоризациска резерва за преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања | | - | - |
| - ревалоризациска резерва признаена во текот на годината | | - | - |
| - намалување на ревалоризациската резерва, рекласификувано во Билансот на успех | | - | - |
| Резерва за инструменти за заштита од ризикот од паричните текови | | - | - |
| - нереализирани нето-промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови | | - | - |
| - реализирани нето-добивки/(загуби) од инструментите за заштита од ризикот од паричните текови, рекласификувани во Билансот на успех | | - | - |
| Резерва за инструменти за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење | | - | - |
| Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење | | - | - |
| Удел во останатите добивки/(загуби) од придружените друштва коишто не се прикажуваат во Билансот на успех | 24 | - | - |
| Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех | | - | - |
| Данок на добивка од останати добивки/(загуби) коишто се или може да се прекласификуваат во Билансот на успех | 17 | - | - |
| ***Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот коишто се или може да се прекласификуваат во Билансот на успех*** | | 61,952 | 504 |
| ***Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот*** | | 61,952 | 504 |
| **Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година** | | **127,151** | **239,047** |
| | | | |
| **Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година, којашто им припаѓа на*:** | | | |
| акционерите на банката | | | |
| неконтролираното учество | | | |

**Биланс на состојба ****
**на ден 31.12.2020**

| | | *во илјади денари* | | |
|---|---|---|---|---|
| | Белешка | тековна година 31.12.2020 | претходна година 31.12.2019 | претходна година*** |
| **Актива** | | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 18 | 11,451,662 | 11,328,348 | |
| Средства за тргување | 19 | 0 | 0 | |
| Финансиски средства по објективна вредност преку Билансот на успех определни како такви при почетното признавање | 20 | 0 | 0 | |
| Деривативни средства чувани за управување со ризик | 21 | 0 | 0 | |
| Кредити на и побарувања од банки | 22.1 | 40 | 430 | |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | 22.2 | 30,370,100 | 28,875,271 | |
| Вложувања во хартии од вредност | 23 | 2,370,019 | 1,188,523 | |
| Вложувања во придружени друштва (сметководствено се евидентираат според „методот на главнина") | 24 | 0 | 0 | |
| Побарувања за данок на добивка (тековен) | 30.1 | 22,562 | 20,293 | |
| Останати побарувања | 25 | 311,668 | 80,745 | |
| Заложени средства | 26 | 0 | 0 | |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | 27 | 0 | 0 | |
| Нематеријални средства | 28 | 66,227 | 84,402 | |
| Недвижности и опрема | 29 | 709,829 | 756,175 | |
| Одложени даночни средства | 30.2 | 0 | 0 | |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | 31 | 0 | 0 | |
| **Вкупна актива** | | **45,302,108** | **42,334,187** | |
| | | | | |
| **Обврски** | | | | |
| Обврски за тргување | 32 | 0 | 0 | |
| Финансиски обврски по објективна вредност преку Билансот на успех определни како такви при почетното признавање | 33 | 0 | 0 | |
| Деривативни обврски чувани за управување со ризик | 21 | 0 | 0 | |
| Депозити на банки | 34.1 | 2,063,745 | 1,331,635 | |
| Депозити на други комитенти | 34.2 | 30,760,870 | 29,935,715 | |
| Издадени должнички хартии од вредност | 35 | 0 | 0 | |
| Обврски по кредити | 36 | 5,056,642 | 4,027,154 | |
| Субординирани обврски | 37 | 1,805,405 | 1,799,198 | |
| Посебна резерва и резервирања | 38 | 149,373 | 155,230 | |
| Обврски за данок на добивка (тековен) | 30.1 | 0 | 14,108 | |
| Одложени даночни обврски | 30.2 | 0 | 0 | |
| Останати обврски | 39 | 193,507 | 554,831 | |
| Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување | 31 | 0 | 0 | |
| **Вкупно обврски** | | **40,029,542** | **37,803,763** | |
| | | | | |
| **Капитал и резерви** | | | | |
| Запишан капитал | 40 | 1,683,678 | 1,368,328 | |
| Премии од акции | | 651,297 | 351,655 | |
| Сопствени акции | | 0 | 0 | |
| Други сопственички инструменти | | 0 | 0 | |
| Ревалоризациски резерви | | 62,456 | 504 | |
| Останати резерви | | 136,833 | 136,833 | |
| Задржана добивка/(Акумулирана загуба) | | 2,738,303 | 2,673,104 | |
| **Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акционерите на банката** | | **5,272,566** | **4,530,424** | |
| Малцинско учество* | | | | |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **5,272,566** | **4,530,424** | |
| | | | | |
| **Вкупно обврски и капитал и резерви** | | **45,302,108** | **42,334,187** | |
| | | | | |
| Потенцијални обврски | 42 | 19,091,176 | 18,232,612 | |
| Потенцијални средства | 42 | 0 | 0 | |

* само за консолидираните финансиски извештаи

** овој извештај е познат и како „Извештај за финансиската состојба"

*** Оваа колона се пополнува само доколку банката ретроактивно применува сметководствена политика, прави ретроактивна корекција на грешки или прави ретроактивна рекласификација на ставки од финансиските извештаи

OHRIDSKA BANKA

**Извештај за паричниот тек**
**за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020**

| | Белешка | *во илјади денари* текoвна година 2020 | претходна година 2019 |
|---|---|---|---|
| **Паричен тек од основната дејност** | | | |
| Добивка/(загуба) пред оданочувањето | | 71,290 | 263,251 |
| Коригирана за: | | | |
| Малцинското учество, вклучено во консолидираниот биланс на успех* | | 0 | 0 |
| Амортизацијата на: | | | |
| нематеријални средства | | 27,179 | 25,084 |
| недвижности и опрема | | 60,886 | 63,947 |
| Капиталната добивка од: | | | |
| продажба на нематеријални средства | | 0 | 0 |
| продажба на недвижности и опрема | | 0 | (626) |
| продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | (308) | 0 |
| Капиталната загуба од: | | | |
| продажба на нематеријални средства | | 0 | 0 |
| продажба на недвижности и опрема | | 0 | 0 |
| продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | 0 | 0 |
| Приходи од камата | | (1,464,216) | (1,522,312) |
| Расходи за камата | | 380,527 | 413,276 |
| Нето-приходи од тргување | | 0 | 0 |
| | | | |
| Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа | | | |
| дополнителна исправка на вредноста и посебна резерва | | 2,609,430 | 22,152,987 |
| ослободена исправка на вредноста и посебна резерва | | (1,953,973) | (21,467,644) |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа | | | |
| дополнителни загуби поради оштетување | | 0 | 0 |
| ослободени загуби поради оштетување | | 0 | 0 |
| Резервирања | | | |
| дополнителни резервирања | | 151,117 | 82,407 |
| ослободени резервирања | | (156,973) | (30,916) |
| Приходи од дивиденди | | (3,879) | (4,831) |
| Удел во добивката/(загубата) на придружените друштва | | 0 | 0 |
| Останати корекции | | 0 | 0 |
| Наплатени камати | | 1,241,697 | 1,533,665 |
| Платени камати | | (377,844) | (411,261) |
| **Добивка од дејноста пред промените во деловната актива** | | **584,934** | **1,097,027** |
| *(Зголемување)/намалување на деловната актива:* | | | |
| Средства за тргување | | 0 | 0 |
| Деривативни средства чувани за управување со ризик | | 0 | 0 |
| Кредити на и побарувања од банки | | 398 | (301) |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | | (1,837,313) | (1,013,935) |
| Заложени средства | | 0 | 0 |
| | | | |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | | 0 |
| Задолжителна резерва во странска валута | | 130,005 | 11,139 |
| Задолжителен депозит кај НБРМ според посебни односи | | 0 | 0 |
| Останати побарувања | | (284,068) | (17,406) |
| Одложени даночни средства | | 0 | 0 |
| | | | |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | | | |
| *Зголемување/(намалување) на деловните обврски:* | | | |
| Обврски за тргување | | 0 | 0 |
| Деривативни обврски чувани за управување со ризик | | 0 | 0 |
| Депозити на банки | | 732,110 | 649,635 |
| Депозити на други комитенти | | 825,155 | 786,742 |
| Останати обврски | | (361,852) | 278,146 |
| | | | |
| Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување | | | |
| **Нето паричен тек од основната дејност пред оданочувањето** | | **(210,631)** | **1,791,045** |
| (Платен)/поврат на данок на добивка | | (8,361) | (59,109) |
| **Нето паричен тек од основната дејност** | | **(218,992)** | **1,731,937** |

| | Белешка | *во МКД илјади* тековна година 2020 | претходна година 2019 |
|---|---|---|---|
| **Паричен тек од инвестициската дејност** | | | |
| (Вложување во хартии од вредност) | | (3,635,378) | (1,174,268) |
| Приливи од продажбата на вложувањата во хартии од вредност | | 2,469,340 | 1,253,361 |
| | | | |
| (Одливи за вложувањата во подружници и придружени друштва) | | 0 | 0 |
| Приливи од продажбата на вложувањата во подружници и придружени друштва | | 0 | 0 |
| (Набавка на нематеријални средства) | | (20,859) | (37,809) |
| Приливи од продажбата на нематеријалните средства | | 0 | 0 |
| (Набавка на недвижности и опрема) | | (14,540) | (25,720) |
| Приливи од продажбата на недвижностите и опремата | | 0 | 626 |
| (Одливи за нетековните средства кои се чуваат за продажба) | | 0 | 0 |
| Приливи од нетековните средства кои се чуваат за продажба | | 0 | 0 |
| (Останати одливи од инвестициската дејност) | | 0 | 0 |
| Останати приливи од инвестициската дејност | | 0 | 0 |
| **Нето паричен тек од инвестициската дејност** | | **(1,201,437)** | **16,190** |
| | | | |
| **Паричен тек од финансирањето** | | | |
| (Отплата на издадените должнички хартии од вредност) | | 0 | 0 |
| Приливи од издадените должнички хартии од вредност | | 0 | 0 |
| (Отплата на обврските по кредити) | | (740,645) | (26,033,430) |
| Зголемување на обврските по кредити | | 1,771,825 | 26,816,390 |
| (Отплата на издадените субординирани обврски) | | (8,369) | (19,929) |
| Приливи од издадените субординирани обврски | | 14,413 | 19,656 |
| Приливи од издадените акции/сопственички инструменти во текот на периодот | | 614,992 | 0 |
| (Откуп на сопствени акции) | | 0 | 0 |
| Продадени сопствени акции | | 0 | 0 |
| (Платени дивиденди) | | (12) | (603) |
| (Останати одливи од финансирањето) | | 0 | 0 |
| Останати приливи од финансирањето | | 0 | 0 |
| **Нето паричен тек од финансирањето** | | **1,652,204** | **782,084** |
| | | | |
| Ефект од исправката на вредноста на паричните средства и паричните еквиваленти | | 7,871 | 2,138 |
| Ефект од курсните разлики на паричните средства и паричните еквиваленти | | | |
| | | | |
| **Нето зголемување/(намалување) на паричните средства и паричните еквиваленти** | | **239,646** | **2,532,349** |
| Парични средства и парични еквиваленти на 1 јануари | | 9,670,813 | 7,138,464 |
| **Парични средства и парични еквиваленти на 31 декември** | | **9,910,459** | **9,670,813** |

